# BOOK REVIEW

## Љубица Јанчева, Народноослободителните одбори во Струмичко-Радовишкиот регион 1941-1945, Институт за национална историја – Скопје, Скопје, 2009, 142

Монографијата на д-р Љубица Јанчева, *Народноослободителните одбори во Струмичко-Радовишкиот регион 1941-1945*, претставува осврт кон формирањето на органите на ослободителната борба во Струмичко и во Радовишко во текот на Втората светска војна, кон нивната дејност и кон нивното значење, не само како на едни од носителите на отпорот против окупаторот туку и како на основа врз која се создадени идните органи на власта во македонската држава. Монографијата, преку анализа на архивски материјали, сеќавања на современици и преку соодветна научна литература, нуди увид врз состојбите карактеристични за Струмичко-радовишкиот регион во текот на војната, кои го определиле тамошниот развој на народноослободителното движење.

Текстот, кој, инаку, е дел од магистерскиот труд на авторката, се состои од 142 страници. Содржи предговор, вовед, шест глави поделени на повеќе поглавја, резиме на македонски и на англиски јазик. Покрај тоа, во него се приложени и кратенки, библиографија, регистри на лични имиња и на географски поими.

Во предговорот е направен преглед на досегашните проучувања на ова прашање во македонската историографија. Притоа е наведено дека и покрај многубројните трудови посветени на Народноослободителната антифашистичка војна (НОАВ), на создавањето и работата на органите на борбата, односно на АСНОМ како основа на македонската државност, не е доволно проучена регионалната дејност на органите на борбата. Авторката го истакнува условното значење на изразот „народна власт“, со цел да се избегне

идеолошката еднострaност присутна во историографијата, посебно карактеристична за периодот пред осамостојувањето на Република Македонија.

Воведот е посветен на состојбите по започнувањето на Априлската војна и по навлегувањето на фашистичките воени сили во вардарскиот дел на Македонија во 1941 година. Меѓу другото, тука се опфатени активностите и пропагандата на Централниот бугарски акционен комитет во периодот од окупацијата до воспоставувањето на бугарската административно-полициска власт, законските и другите мерки што бугарската држава ги спровела во окупираната територија. Тие се однесувале на нејзината административната поделба, на обидите за национална асимилација на македонскиот народ преку развиената културна и просветна дејност итн. Внимание е посветено и на развојот и на дејноста на Комунистичката партија на Југославија (КПЈ), односно на нејзиниот Покраински комитет (ПК) за Македонија. Формиран уште во 1940 година, тој во наредниот период прераснал во главен носител на организираниот отпор против окупаторската власт. Разгледани се и причините за несогласувањата меѓу тогашниот секретар на ПК на КПЈ за Македонија, Методија Шаторов, и раководството на КПЈ, кои довеле до негово сменување.

Во првата глава, „Струмичко-радовишкиот регион во 1941 година“, се опфатени спроведувањето на бугарската власт во Струмичката и во Радовишката околија и воведувањето на административниот систем, на просветно-образовните институции и на разните културно-просветни организации преку кои била вршена денационализаторската пропаганда меѓу македонското население. За да се засилат асимилаторските процеси, на местата од протераните српски колонисти биле населувани и колонисти од Бугарија,. Во прилог на зацврстувањето на контролата врз месното население, било и воведувањето полициски час, оданочувањето и теророт од страна на полицијата врз осомничените за „противдржавна“ дејност. Во истата глава се разгледани развојот и дејноста на месното партиско повереноство на КПЈ за Струмица, кое во мај 1941 година прераснало во местен комитет (МК), најмногу изразени преку организирањето демонстрации против окупаторските власти, како и активноста на Месниот комитет на КПЈ за Радовиш, формиран во ноември 1941 година. Меѓу поистакнатите членови на КПЈ се вбројуваат и Јосиф Јосифовски-Свештарот и Благој Јанков-Мучето.

Во втората глава, со наслов „Органите на борбата, никулци на новата власт во Струмичко-радовишкиот регион“, предмет на проучување се органите на борбата формирани од КПЈ во текот на народноослободителното движење (НОД) и нивната дејност. Иако тие биле задолжени за обезбедување разновидна поддршка и за собирање материјална помош за потребите на НОД, со нивниот развој во понатамошниот период се зголемило и нивното значење, односно добиле одлики на органи на власта. Активностите во Струмица и во Струмичко за собирање оружје и формирање партизански одред започнале набргу по окупацијата, при што значајна улога одиграле Страшо Пинџур, кој како инструктор присуствувал во летото 1941 година, и Мирче Ацев, во чие присуство бил формиран воен комитет при МК. Но поради провала во струмичката партиска организација во летото 1942 година, пропаднале обидите за исфрлање партизански одред. Биле прекинати и врските со ПК на Македонија. Исто така, по провалата згаснала и, инаку, успешната дејност на одборот за собирање народна помош, кој бил формиран во ноември 1941 година, а бил задолжен за криење на илегалците и ширење пропаганден материјал. Забележителни биле и активностите на комисијата за работа со жените формирана во 1941 година, која во 1943 година прераснал аво Актив на жените, како и на МК на Сојузот на комунистичката младина на Југославија (СКОЈ), основан во 1941 година.

„Органите на народната власт во Струмичко-радовишкиот регион (1943-1944)“, третата глава од монографијата, претставува преглед на состојбите по успесите и растежот на НОД во Македонија во 1943 година. Иако во овој регион, поради неговата стратешка важност, бугарските власти наметнале посебен режим и го оневозможиле формирањето партизански одред, како резултат на активностите на Благој Јанков, МК од Струмица ги обновил врските со ЦК на Комунистичката партија на Македонија (КПМ), формирана во 1943 година. Врз основа на директивите на ЦК, биле преземени активности за формирање одбори на власта, односно народноослободителни одбори (НОО). МК донел одлука за формирање НОО и во некои струмички села, што било реализирано во првата половина на 1944 година. Напорите за формирање и Околиски НОО пропаднале поради провалата во јули 1944 година, во која загинал Благој Јанков. Сепак, Февруарскиот поход и Пролетната офанзива, организирани од ГШ на НОВ и ПОМ и од ЦК

на КПМ, овозможиле услови за интензивирање на НОД во Источна Македонија и во Струмичко-радовишкиот регион. Како резултат на тоа, во август 1944 година бил формиран и Струмичкиот партизански одред.

Во наредната глава „Струмица и Радовиш во предвечерието на Првото заседание на АСНОМ“ се разгледани регионалните активности на НОО и подготовките за свикување на АСНОМ. Со формирањето на Иницијативниот одбор (ИО) за негово свикување во есента 1943 година, започнала подготовка за избирање делегати за АСНОМ. Во март 1944 година ИО испратил упатство, а ЦК на КПМ писмо до сите НОО со директиви за нивната натамошна дејност. Изборот на делегати бил вршен на конференции на НОО. Во сообразност со територијалната поделба на Македонија, приложена во писмото на ЦК на КПМ, Струмичкиот округ избрал свои делегати за Првото заседание на АСНОМ, чии решенија биле широко прифатени од населението во Струмичко-радовишкиот регион. Во истата глава авторката посветува внимание и на завршните воени операции за ослободување на Радовиш и на Струмица.

Петтата глава, „НОО во Струмичко-радовишкиот регион од Првото заседание на АСНОМ до конечното ослободување“, е посветена на завршувањето на процеот на формирање НОО во Струмичко и во Радовишко. Врз основа на новата територијалната поделба на Демократска Федерална Македонија (ДФМ) на три области, регионот влегол во Штипската област, во кој околиски НОО претставувале Штип и Струмица. Вера Ацева била овластена од Президиумот на АСНОМ да работи на обновувањето и на формирањето НОО во Штипската област. Како резултат на интензивната активност во Струмичко-радовишкиот регион била создадена мрежа на месни и општински НОО, чија задача била да собираат храна, облека, лекови како помош за населението и за војската, да ги афирмираат органите на народната власт итн.

Во последната, шеста глава, „Организација и дејност на НОО во регионот по ослободувањето“, авторката детално се задржува на организациската структура, на хиерархиската поставеност и на функционирањето на НОО. НОО во Струмичко-радовишкиот регион развиле широка активност, во која биле вклучени мобилизацијата на возрасното население, обезбедувањето на јавниот ред и мир, обновата на стопанството, снабдувањето со храна, започнување на воспитно-образовниот процес итн. По

изборите за селски и за околиски НОО во март 1945 година, од 14 до 16 април било одржано Третото заседание на АСНОМ. На него, покрај преименувањето на АСНОМ во Народно собрание на ДФМ, на Президиумот во Претседателство на Народното собрание на Македонија, односно на НОО во Народни одбори, бил донесен и Закон за народна влада. Со тоа завршил процесот на конституирање на органите на државната власт и започнала нова етапа во развојот на македонската државност.

Имајќи предвид дека монографиите посветени на НОО, кога станува збор за нивното формирање, развивање и дејност во одделни делови од македонската држава се навистина ретки, *Народноослободителните одбори во Струмичко-радовишкиот регион 1941-1945* претставува значаен прилог во нивното проучување и, секако, поттик за разгледување на ова историско прашање и во другите македонски региони.

**Невен РАДИЧЕВСКИ**